УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Арх.бр./Nr.ArhУП1-11/4 875/2020
Дата./Data: 26-01-2021

**ДО /DERI TE:** Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности "Национални Енергетски Ресурси" Скопје во државна сопственост
бул. "Св. Климент Охридски" бр.58 б
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ/LENDA:** Доставување на Решение за издавање на согласност на Студијата за оцена на влијание врз животната средина на проектот "Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција"

Почитувани,
Të nderuar,

Во прилог Ви доставуваме Решение за издавање согласност на Студијата за оцена на влијание врз животната средина на проектот: "Интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција", поднесено од страна на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности "Национални Енергетски Ресурси" Скопје во државна сопственост.

Со почит,
Me respekt,

По овластување на Министер
в.д. Директор на Управа за животна средина
u.d. Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Дејана Тодоровска
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УП1-11/4-875/2020
26-01-2021

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот: "Интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција", поднесено од страна на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности "Национални Енергетски Ресурси" Скопје во државна сопственост.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да се имплементира планот за управување со животната средина, односно точка 7.0 од Студијата за ОВЖС- Мерки за намалување на негативните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти и резидуални влијанија и точка 9.0. План за управување со животната средина и социјалните аспекти и мониторинг план.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Образложение

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности "Национални Енергетски Ресурси" Скопје во државна сопственост до Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 18.08.2020 година со број УП1-11/4-875/2020 достави Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: "Интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција". Студијата е изработена од "ТЕХНОЛАБ" ДОО од Скопје со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина и експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина М-р Магдалена Трајковска Трпевска, за потребите на инвеститорот Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности "Национални Енергетски Ресурси" Скопје во државна сопственост.

Целта на проектот е изградба на магистрален гасовод како внатрешен транспортен систем од челични цевки со висок работен притисок низ кој ќе се транспортира природен гас од мерно-регулациони станици до приклучокот на гасодистрибутивната мрежа во градовите и/или индустриски и други постројки на големите корисници на гас во Република Северна Македонија. Трасата на гасоводот поминува низ општините: Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино. Површината на опфатот изнесува 168,53 ха.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: почва, површински и подземни води, воздух, климатски промени, создавање на отпад, бучава и вибрации, биодиверзитет, хабитатите (живеалишта), флората, габите и фауната, заштитени и назначени подрачја за заштита, биокоридорите, предел и визулени ефекти, демографија, кумулативни влијанија и прекугранични влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување на негативните влијанијата врз животната средина во фаза на изградба и оперативна фаза и план за управување со животната средина во глава 7, глава 8 и глава 9 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни.

Согласно член 91 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) јавните расправи се одржаа online преку ЗООМ електронската платформа , а во согласност со Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена објавена во Службен весник на Република Северна Македонија на 4.11.2020 година. За истите се одржаа 2 јавни расправи online преку ЗООМ електронската платформа и тоа на ден 20 ноември 2020 година (петок) во 10.00 часот за заинтересираната јавност од Општина Демир Капија и Општина Неготино се организираше Јавната расправа на ЗООМ електронската платформа на следниот линк https://zoom.us/j/98185700425?pwd=RlRUWnJmdERyY2tuUEdwSVVKa1ZnQT09 , додека на ден 19 ноември 2020 година (четврток) во 10.00 часот за заинтересираната јавност од Општина Гевгелија и Општина Богданци се организираше Јавната расправа на ЗООМ електронската платформа на следниот линк https://zoom.us/j/93440221674?pwd=OXp0WVF0Qk1HdzFyLzUrR1NEQ3NtZz09 .

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на интернет страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

**По овластување на Министер**
**в.д. Директор на Управа за животна средина**
**u.d. Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor**
**Hisen Xhemaili**

Изработил/Përpiloi: Дејана Тодоровска
Контролирал/Kontrolloi:Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска



Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403

www.moepp.gov.mk